Врз основа на член 487 и 490 од Законот за трговски друштва, член 36 од Правилата за котација, Управниот одбор на Друштвото на состанокот одржан на ден 25.04.2019 година, му предлага на Собранието на акционери да ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за распределба на нераспределената добивка од 2008 година за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар**

1. Со оваа Одлука се врши распределба на нераспределената добивка од 2008 год. во износ од 67.710.355,00 ден. за исплата на дивиденда, во согласност со општо прифатените сметководствени принципи во Република Македонија.
   Износот претставува бруто дивиденда што се исплаќа согласно со оваа Одлука и ги вклучува сите даноци, кои што ќе бидат задржани и платени од бруто дивидендата согласно со важечката даночна регулатива во Република Македонија на датумот на исплата.
2. Со оваа Одлука Собранието на Друштвото ја одобрува исплатата на дивиденда во износ од 67.710.355,00 ден, која се распределува во согласност со Одлуката на Собрание за распределба на дел од добивката од 2008 година на Друштвото со ист датум и се врши утврдување на датуми при исплата на дивиденда и тоа:

- Износ на дивиденда за една акција во бруто износ изнесува 1.010,60 денари.
- Износ на дивиденда за една акција во нето износ изнесува за правни лица 909,54 денари, а за физички лица 859,01 денари.
- Последен ден на тргување со право на дивиденда за 2008 година е 19.06.2019 година.
- Датумот на евиденција на акционерска книга според кој се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда за 2008 година е 21.06.2019 година.
- Прв датум на тргување без право на дивиденда е 20.06.2019 година.
- Исплатата на дивидендата ќе се изврши најдоцна до 30.09.2019 година.
- Дивидендата ќе биде исплатена во готово на трансакциските сметки на акционерите.
- Друштвото ќе ги информира акционерите во врска со исплатата на дивиденда, со соодветно известување по усвојувањето на Одлуката за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар од страна на Собранието.

3. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**У.О. бр.14**

**25.04.2019 година**
**Скопје**

**ФАКОМ, АД – Скопје**
**УПРАВЕН ОДБОР**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Д-р Златко Симоновски**